Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 05-264/1
11.04. 2023 год.
Општина Аеродром-Скопје

Друштво за трговија и услуги ВЕЃО КОМЕРЦ
експорт-импорт Новица и Добре ДОО
Бр. 01-763/1
11.04. 2023 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА

за потребите на ООУ„Ѓоргија Пулевски"-Скопје

Склучен на ден 11.04.2023 година помеѓу следните:

## I . ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.ООУ „Ѓоргија Пулевски " општина Аеродром –Скопје бул.Јане Сандански бр.27А**, ЕДБ 4030983180303,представувано од **Директорот Марјан Јовановски** (во понатамошниот текст Набавувач) од едната страна,

2. **Друштво за трговија и услуги ВЕЃО КОМЕРЦ експорт-импорт Новица и Добре ДОО Скопје** со седиште на адреса **ул. Сава Ковачевиќ 15, бр. 34а, Скопје**,ЕМБС **5156360** ЕДБ **4030995256623**_застапувано од управител **Новица Огненовска** (во натамошниот текст : Добавувач ) од друга страна.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Предмет на Договорот за јавна набавка е **средства за хигиена** за потребите на Набавувачот ,по вид и количина определени во спецификацијата кон тендерската документација од прифатената понуда , која е составен дел на овој Договор.

## III.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на стварно испорачаните стоки, со уредно потпишани испратници ,согласно прифатената понуда ,но не повеќе од **150.000,00 ден без вклучен ДДВ.**

Спецификацијата е составен дел на овој Договор.

Единечните цени од спецификацијата од став 2 на овој член се цени во кои се вкалкулирани царина, други јавни давачки и трошоци и транспортни трошоци до просториите на Набавувачот.

Единечните цени по позиции се утврдени во техничката спецификација односно техничката понуда на набавувачот и истите се утврдени како фиксни односно непроменливи за целиот период на важноста на Договорот.

## IV.РАЗЛИКА ВО ЦЕНА

Член 3

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат непроменети за целото времетраење на Договорот.

## V.НАЧИН,УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Набавувачот и Добавувачот изрочито се договорија дека авансното плаќање е неприфатлив начин на плаќање.

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши вирмански.

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го изврши во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата во Архивата на Набавувачот.

Прилог на фактурата, е уредно потпишана испратница од овластени лица на двете договорни органи.

## VI.НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Испораката на стоките, предмет на овој Договор ,Добавувачот е должен да ја изврши на следниов начин: сукцесивно врз основа на писмен налог на Набавувачот, заверена од овластено лице на Набавувачот ,во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на писмениот налог во кој ќе биде дефиниран видот и количината на стоките .

Во случај на доцнење со испораката на стоките, предмет на овој Договор, од страна на Добавувачот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 2% од вредноста на нарачката за секој ден задоцнување, при што потребно е веднаш Набавувачот да му врачи на Добавувачот писмено известување дека Набавувачот го задржува правото на договорна казна — пенали.

Во случај на неиспорачување на стоките во рокот определен во став 1 на овој член, Набавувачот на Добавувачот ќе му достави писмено известување за

испорака на стоките предмет на овој Договор во дополнителен рок од 2 дена. Доколку Добавувачот и во дополнително оставен рок од 2 дена, не ги испорача стоките предмет на овој Договор ,Набавувачот има право да го раскине Договорот за набавка и испорака на стоки со проста изјава за раскинување на Договорот, како и право на договорна казна и право на надомест на штета.

Во случај на раскинуваъе на Договорот согласно став 4 на овој член, Добавувачот е должен во рок од 15 дена од денот на раскинувањето на Договорот да му плати на Набавувачот договорна казна од 20% од вредноста на Договорот.

Во случај ако штетата што ке ја претрпи Набавувачот заради раскинувањето е поголема од договорната казна, Добавувачот има обврска да му ја надомести на Набавувачот разликата до целосниот надомест на штетата.

Член 6

Добавувачот е должен стоките предмет на овој Договор да ги испорача на следниов начин : франко до ООУ„Ѓоргија Пулевски“ бул.Јане Сандански бр.27А без дополнителни трошоци.

Испораката на стоките се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Набавувачот и овластеното лице на Добавувачот.

**V. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ**

Член 7

Квалитативен и квантитативен прием на стоките од член 1 предмет на овој Договор го врши Набавувачот, со документ (испратница) , потшишана и заверена од двете договорни страни.

Член 8

Добавувачот е должен да испорача стоки со квалитет согласно спецификацијата составен дел од овој Договор, македонските стандарди кои се во согласнот со европските и меѓународни стандарди и согласно декларациите на стоките предмет на овој Договор.

Член 9

Во случај на неисправност ,недостаток на стоките предмет на овој Договор или несоодветност на спецификацијата составен дел на овој Договор, Набавувачот е должен веднаш да ги пријави кај Добавувачот.

Набавувачот има право поради неисправност ,недостаток на стоките или несоодветност со специфификацијата,составен дел на овој Договор , по свој избор да бара:

- Намалување на продажната цена за 20 %;
- Замена на стоките со соодветна стока со иста трговска марка , тип или индустриски дизајн или ознака за потекло за географска ознака на стоката предмет на овој Договор;
- Раскинување на Договорот и надомест на штета;

## VI.ВИША СИЛА

Член 10

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да биде одговорна кон друга за губиток ,повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај настапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или расинување на Договорт.

## VII.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор,договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено .

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или раскинување на договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот е должна тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## IX.КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 13

Договорните страни се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реазлизација на овој Договор.

## X.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 14

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуват непосредно одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и други соодветни законски и подзаконски акти и прописи на Република Северна Македонија.

## XI.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Договорните страни можат да ги исполнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополна е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој закон можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс-договор само во согласнот со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 16

Овој договор е составен од 2 (два) истоветни примероци од кои 1 (еден) за Набавувачот и 1 (еден ) за Добавувачот.

| НАБАВУВАЧ | ДОБАВУВАЧ |
|---|---|
| Директор | Управител |
| Марјан Јовановски | Новица Огненовска |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број _04643/2023_ објавен од страна на ООУ Ѓорѓија Пулевски Скопје, за набавка на **средства за хигиена**, со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## КОНЕЧНА П О Н У Д А ПО Е-АУКЦИЈА

## Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: **ВЕЃО КОМЕРЦ ДОО**
I.2. Контакт информации
– Адреса: **ул. Сава Ковачевиќ 15, бр. 34а, Скопје**
– Телефон: **075/475-750, 075/475-751**
– Факс: **02/3237-939**
– Е-пошта: **vegjokomerc@gmail.com**
– Лице за контакт: **Ѓоко Огненовски**
I.3. Одговорно лице: **Новица Огненовска**
I.4. Даночен број: **МК4030995256623**
I.5 Матичен број: **5156360**

## Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:
**Средства за хигиена**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна Цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ на вкупната цена |
| Дел 1 | ХЕМИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЧИСТЕЊЕ | | | | | |
| 1 | Концентрирано повеќенаменско ph неутрално средство на база на алкохоли и сурфактанти за чистење на сите водоотпорни површини како на приме рстакло,пластика,итн... | литар | 120 | 102.07 | 12,248.65 | 2,204.76 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одлични перформанси начистење и економија при употреба со пријатен мирис. Минимално дозирање (8%). Да се нанесесува со прскалка. Пакување мин 5л. | | | | | |
| 2 | Концентрирано, повеќенаменско средство за чистење тоалет со четири дејства. Да чисти, отстранува каменец, дезинфицира, дезодорира. Минимално дозирање од 2,5% Да се користи со крпа во кофа или прскалка. Пакување од мин 5 л. | литар | 120 | 102.07 | 12,248.65 | 2,204.76 |
| 3 | Абразивно средство за чистење и полирање на керамички, порцелански, емајлирани и други површини во пакување од мин.2 литри. | литар | 30 | 76.55 | 2,296.62 | 413.39 |
| 4 | Концентрирано нископенливо pH-неутрално средство за машинско чистење на сите водоотпорни тврди подови,брз база на различни видови сурфактанти со свеж мирис, брзо се суши и брзо дејство. Минимално дозирање 0.5%-2%. Да се користи со машина.Пакување мин 5 л. | литар | 15 | 159.49 | 2,392.31 | 430.62 |
| 5 | Концентрирано нископенливо pH-неутрално средство за чистење на сите водоотпорни тврди подови,брз база на различни видови | литар | 70 | 75.92 | 5,314.13 | 956.54 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | сурфактанти со свеж мирис, брзо се суши и брзо дејство. Минимално дозирање 0.5%. Да се користи со кофа за џогирање.Пакување мин 5 л. | | | | | |
| 6 | Висококонцентриран течен чистач-дезинфектант, за чистење и дезинфекција на сите водоотпорни тврди површини,како и некои мебели. Кисела формулација на база на забрзан водороден пероксид (AHP) ефикасен против широк спектар на микро-организми вклучувајќи и бактерии. Да се користи со прскалка и кофа. Дозирање од мин. 1%. Пакување мин. 5л. | литар | 20 | 76.55 | 1,531.08 | 275.59 |
| 7 | Дезинфекција за раце на база на алкохол со минимално количество на алкохол 70%, паковање во 1,2-1,3л. Кертриџ прилагодлив за диспензер | кертриџ | 20 | 223.28 | 4,465.65 | 803.82 |
| 8 | Течен пена сапун за миење раце на база на млечна киселина и адитиви за нега на кожа, антибактериски во пакување од 0,7-0,8л. Кетриџ прилагодлив за диспензер. | кертриџ | 120 | 95.69 | 11,483.11 | 2,066.96 |
| | | | | | | |
| **Дел 2** | **ПОМОШНИ СРЕДСТВА** | | | | | |
| 1 | Микрофибер крпи за повеќекратна употреба (Да се пере од 300-400 | парче | 40 | 41.47 | 1,658.67 | 298.56 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | пати на 95 С). Оптимална и издржлива. Истовремено отстранува нечистотија и мрснотија. Се користи за чистење со сува и влажна метода. Колоркодиран систем за спречување на кросконтаминација. Димензија: 40 x 40 цм..+/- 20% - апликации за суво и мокро чистење. | | | | | |
| 2 | Тоалетна хартија, двослојна чиста целулоза, со максимална должина од 180м, со максимум 900 листа прилагодлива за диспензер. Пакување од 12 ролни | ролна | 30 | 114.83 | 3,444.93 | 620.09 |
| 3 | Тоалетна хартија, трослојна чиста целулоза, со максимална должина од 15м, со максимум 120 листа. Пакување од минимум 20 ролни | ролна | 3.000 | 9.57 | 28,707.77 | 5,167.40 |
| 4 | Брисачи за раце со централно извлекување, двослојна, чиста целулоза, со максимална должина од 70 метри, со максимум 300 листа. | ролна | 150 | 95.05 | 14,258.19 | 2,566.47 |
| 5 | Еднослојна сложлива хартија за бришење раце, рециклирана со димензија на лист 21,5x25см и пакување од 250 ливчиња. Прилагодлива за диспензер | пакување | 500 | 57.42 | 28,707.77 | 5,167.40 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Мопа за прашина од памук за суво пребришување на тврди подови. Големина на мопата од 90 до 100 см. | парче | 25 | 63.80 | 1,594.88 | 287.08 |
| 7 | Ресаста мопа со сребрен нитрат и глава | парче | 40 | 102.07 | 4,082.88 | 734.92 |
| 8 | Спреј за озонирање од минимум 100мл со свеж мирис и минимум 3000 дози. Прилагодлив за диспензер | парче | 30 | 127.59 | 3,827.70 | 688.99 |
| 9 | Ракавици за еднократна употреба | парче | 400 | 2.55 | 1,020.72 | 183.73 |
| **Дел 3** | **ПВЦ ПРОИЗВОДИ** | | | | | |
| 1 | Вреќи за отпад, ПВЦ големи од 90 до150 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 1.500 | 5.10 | 7,655.41 | 1,377.97 |
| 2 | Вреќи за отпад, ПВЦ мали од 55 до 60 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 800 | 3.83 | 3,062.16 | 551.19 |
| | **ВКУПНО БЕЗ ДДВ** | | | **150.000,00** | | |
| | **ДДВ** | | | **27.000,00** | | |
| | **ВКУПНО СО ДДВ** | | | **177.000,00** | | |

Место и датум

_Скопје, 11.04.2023_

Одговорно лице

____Новица Огненовска_
име и презиме

________________________
(потпис)*